# ПЛАН И ПРОГРАМА ЗА СУПСПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА ПО КЛИНИЧКА ТОКСИКОЛОГИЈА

| | |
|---|---|
| **Област на супспецијализација** | **Клиничка токсикологија** |
| **Звање со кое се стекнува по завршување на супспецијалистичкиот испит** | **Супспецијалист по клиничка токсикологија** |
| **Траење на супспецијализацијата** | **1 година (12 месеци)** |

Супспецијалистичката програма по КЛИНИЧКА ТОКСИКОЛОГИЈА ќе се спроведува на Клиниката за токсикологија во период од 12 месеци односно 2 семестри, по 6 месеци. Таа вклучува теоретски дел, практичен и научен дел, со што му се овозможува на супспецијализантот да стане компетентен лекар – супспецијалист по клиничка токсикологија.

**Организација на супспецијализацијата**

Двата семестри од супспецијализацијата ќе бидат клиничка пракса на Универзитетската клиника за токсикологија, а последните четири месеци, покрај клиничката пракса, супспецијализантот ќе биде комплетно вклучен во научно-истражувачката работа на Клиниката.

Програмата вклучува:

- Теоретска настава ex catedram
- Практични вежби
- Семинарска работа
- Клинички престој
- Дежурства на УК токсикологија
- Научно-истражувачка работа од областа на КЛИНИЧКА ТОКСИКОЛОГИЈА
- Учество на меѓународна научно-стручна манифестација од областа на КЛИНИЧКА ТОКСИКОЛОГИЈА.

За секој супспецијализант ќе биде назначен соодветен ментор, по избор на кандидадот кој ќе ја раководи, координира и спроведува програмата за супспецијализација.

Писмени забелешки и документација за текот на супспецијализацијата ќе бидат водени од супспецијализантот, потпишани од страна на одредениот ментор, а врз база на извшената теоретска настава, практичните вежби, семинари, клинички престој и научноистражувачки проект.

Присуството на супспецијализантот на теоретската настава, практичните вежби, семинарските дискусии, дежурствата ќе биде задолжително, бидејќи врз таа основа ќе се врши проценка и ќе се формира мислење за супспецијализантот.

## I. ПРОГРАМА ЗА СУПСПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА ПО КЛИНИЧКА ТОКСИКОЛОГИЈА

НАСТАВЕН ПЛАН:

**I СЕМЕСТАР**

| | | |
|---|---|---|
| 1.1 ТЕОРЕТСКИ ПРЕДАВАЊА | 20 | часа |
| 1.2 ПРАКТИЧНИ ВЕЖБИ | 40 | часа |
| 1.3 СЕМИНАР | 5 | часа |
| 1.4 КЛИНИЧКИ ПРЕСТОЈ И ДЕЖУРСТВА | | |

**II СЕМЕСТАР**

| | | |
|---|---|---|
| 1.1 ТЕОРЕТСКА НАСТАВА | 20 | часа |
| 1.2 ПРАКТИЧНИ ВЕЖБИ | 40 | часа |
| 1.3 СЕМИНАР | 5 | часа |
| 1.4 КЛИНИЧКИ ПРЕСТОЈ И ДЕЖУРСТВА | | |

1.5. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА
1.6 УЧЕСТВО НА МЕЃУНАРОДНА НАУЧНО-СТРУЧНА МАНИФЕСТАЦИЈА ОД ОБЛАСТА ОД КЛИНИЧКА ТОКСИКОЛОГИЈА

**Времетраење на турнуси???????????**

## II. ДЕФИНИЦИИ

1. **ТЕОРЕТСКА НАСТАВА** ex catedram: предавања изведени од наставник/научен работник/насловен наставник од областа на клиничка токсикологија, кој ги презентира најновите теоретски знаење од секоја соодветна област на клиничката токсикологија.

2. **ПРАКТИЧНИ ВЕЖБИ** – рутинска работа по краток теоретски вовед. Целта на овие вежби е супспецијализантот да се оспособи за комплетно самостојна работа во дијагностиката и терапијата на најтешките акутни труења.

3. **КЛИНИЧКИ СЕМИНАР** е форма на организирана дискусија по зададен проблем односно наставна единица предвидена со програмата, однапред зададена, за кој супспецијализантот е предходно известен и подготвен.

4. **КЛИНИЧКИ ПРЕСТОЈ** – супспецијализантот треба да биде присутен на клиниката 24 часа, 4 пати месечно во форма на втор дежурен лекар.

5. **НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА** активно вклучување во сите научни проекти кои се работат во моментот на Клиниката и вклучување во изготвување на МОНОГРАФИИ за Токсиколошко Инфпормативниот Центар на Клиниката.

6. .**УЧЕСТВО НА МЕЃУНАРОДНА НАУЧНО-СТРУЧНА МАНИФЕСТАЦИЈА ОД ОБЛАСТА ОД КЛИНИЧКА ТОКСИКОЛОГИЈА** подразбира изработка на авторски труд под менторство на наставник/научен работник/насловен наставник и презентација на истиот на соодветна манифестација.

## III. ТЕОРЕТСКА И ПРАКТИЧНА НАСТАВА

### I СЕМЕСТАР

**ТЕОРЕТСКА НАСТАВА = 20 часа**

1. Општи принципи на детоксикација кај акутни труења – 3 часа
2. Значење, улога и работа на токсиколошкиот информативен центар – 2 часа
3. Токсодроми – 3 часа
4. Акутни интоксикации со габи – 1 час
5. Акутни интоксикации со останати растенија – 1 час
6. Акутни корозивни интоксикации – 1 час
7. Протоколи за исхрана кај акутни корозивни труења – 2 часа
8. Антидоти – 3 часа
9. Акутни труења со гасови – 1 час
10. Труења со тешки метали – 1 час
11. Труења со воени отрови – 1 час
12. Труења со алкохоли и гликоли – 1 час

**Семинар = 10 часа**

За секој еден час теоретска настава, еден час дискусија по однапред зададен проблем со теоретска припрема на супспецијализантот.

**Практични вежби = 40 часа**

1. Третман на пациенти во токсиколошка амбуланта – 10 часа
2. Третман на пациенти во оддел за интензивна нега – 10 часа
3. Третман на пациенти во оддел за постинтензивна нега – 10 часа
4. Внесување на податоци и давање на информации во токсиколошки информативен центар – 10 часа

### II СЕМЕСТАР

**ТЕОРЕТСКА НАСТАВА = 20 часа**

1. Пестициди (ОФС/карбамати, хербициди, органохлорни соединенија, родентициди, останати инсектициди) – 2 часа
2. Акутни медикаментозни интоксикации со лекови кои примарно дејствуваат на централниот нервен систем – 2 часа
3. Акутни медикаментозни интоксикации со лекови кои примарно дејствуваат на кардио-васкуларниот систем – 2 часа
4. Акутни медикаментозни интоксикации со лекови кои примарно дејствуваат на гастроинтестиналниот систем – 2 часа

5. Акутни медикаментозни интоксикации со лекови кои примарно дејствуваат на крв и крвотворните органи – 1 час
6. Акутни медикаментозни интоксикации со лекови кои примарно дејствуваат на респираторниот систем и дишните органи – 1 час
7. Акутни медикаментозни интоксикации со лекови кои примарно дејствуваат на бубрези и бубрежната функција – 1 час
8. Акутни медикаментозни интоксикации со антиревматици, нестероидни антиинфламаторни лекови и аналгетици – 2 часа
9. Акутни медикаментозни интоксикации со антиинфективни и останати лекови – 1 час
10. Опиоиди и третман на опиоидна зависност со бупренорфин – 3 часа
11. Психотропни супстанци – 1 час
12. Користење на недозволиви средства со спортот (допинг) – 1 час
13. Останати хемиски супстанци – 1 часа

**Семинар = 10 часа**
За секој еден час теоретска настава, еден час дискусија по однапред зададен проблем со теоретска припрема на супспецијализантот.

**Практични вежби = 40 часа**
1. Протоколи за третман на пациенти во амбуланта за зависности – 10 часа
2. Ургентна ултрасонографија кај акутно интоксициран пациент – 10 часа
3. Ургентна горнодигестивна ендоскопија кај акутно интоксициран пациент – 10 часа
4. Земање на примероци за токсиколошки анализи во токсиколошка лабораторија и интерпретација на добиените резултати – 10 часа

## IV. ЗАВРШЕН ИСПИТ

Завршната процена на супспецијализантот ќе биде извршена од соодветна трочлена комисија составена од наставници/научни работници од Клиниката и ќе се базира на 3 основи:

- усмен испит
- прегледување на пишаната документација за супспецијализацијата потпишана од предавачите на поедините делови и потпис од директорот што воедно е и одобрение за пристап кон завршниот испит.
- положени тестови предвидени за секој семестар (вкупно 2).

Завршниот испит се оценува со квалитативна оцена ПОЛОЖИЛ/НЕ ПОЛОЖИЛ.

По положениот испит се доделува УВЕРЕНИЕ ЗА СУПСПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА ПО КЛИНИЧКА ТОКСИКОЛОГИЈА.